Здружение за интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност СТУДИО ПРИВАТЕН ПРИНТ Скопје

- PrivatePrint Studio -

13.04.2022 г.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

PrivatePrint Studio официјално е основано во 2018. Неофицијално функционира како уметничко студио од 2016, преку активностите на првиот независен издавач на уметнички книги во Северна Македонија. Главните цели на студиото се основаат на интердисциплинарни истражувања и практика во современата уметност и култура со особен акцент на уметничката книга, графичкиот дизајн и други медиуми на современата уметност видени во поширок социо-културен контекст. Работата на студиото се развива од специфичните потреби на нашиот локален културен систем во смисла на отворање на простор, платформа за подобра видливост и поврзаност на институционално помалку видливите уметници и уметнички практики во локалниот контекст, како и размена на идеи на меѓународно поле.

**Цели на PrivatePrint Studio**

» Научно-истражувачка цел во врска со поддршка, промоција и имплементација на интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност и култура.
» Афирмирање, проучување и продукција на уметнички книги како современо уметничка практика, во поширок културно-општествен контекст.
» Развој на уметничкото образование во поширок општествен контекст во врска со новите и прогресивни уметнички практики.
» Афирмирање на партиципативен, инклузивен и критички пристап во културно-општествени рамки, со цел развој на активно граѓанство.
» Создавање, промовирање, архивирање, документирање на прогресивни и иновативни уметнички практики и уметничко-културна продукција, како и на помалку застапени современи уметнички практики и теми.
» Подигање на свеста за новите медиуми и форми на израз во современата уметност, на македонската културно-општествена сцена и интернационално.
» Поттикнување на соработка во рамки на независниот културен сектор и меѓу самостојните уметници на домашен и на меѓународен план, како и соработка со државните културни институции на локално и централно ниво.

Активностите на PrivatePrint Studio во 2021 г. беа поддржани од:

Fonds

Prince Claus Fund *for* Culture and Development

Република Северна Македонија
Министерство за култура

**АКТИВНОСТИ 2021 ГОДИНА**

**I. Network Partnership PrivatePrint, Prince Claus Fund for Culture and Development (2021-2023)**




PrivatePrint Meets е истражувачка програма која ја развивме во склоп на активностите поддржани од овој грант. Оваа програма се состои во посета на студија и средби со млади уметници, куратори и културни работници и запознавање со нивната практика. Профил на уметникот, со изјава и примери од нивната работа се објавува на веб-страницата. Избор од тројца уметници соработуваат со студиото во изработка на свој проект, а од оваа програма се избираат и уметниците во VR Studio.

Во 2021:
12 PrivatePrint Meets ■ 13 уметници, културни работници и куратори ■ 9 женски и 4 машки ■ 3 различни градови ■ возраст од 24 до 34 години

Проекти (уметничка книга и изложба) на уметници поддржани во 2021:

Ивана Мирчевска:
*At an angle of 45°*
Ѓорѓи Десподов:
*SKIP AD*
Клелија Живковиќ:
*Prototyping tenderness:*
*a personal log of a dying world*


1.

2.

Изложби:

(1) Notes from Surfacing:
At an Angle of 45° - Ивана Мирчевска
25.09.2021-29.10.2021

(2) SKIP AD - Ѓорѓи Десподов
25.11.2021-10.12.2021

(3) PROTOTYPING TENDERNESS
- Клелија Живковиќ
24.12.2021-30.12.2021

3.

## II. **Изложба** - *Folded*

*Folded* е документарен проект на Зоран Шекеров, објавен во фотографска книга. Изложбата беа претставени фотографии објавени во книгата и дел од фотографскиот процес.
17.02.2021-09.04.2021

## III. **VR Studio**





VR Studio во 2021 година:
▸ виртуелното студио беше проширено со уште една просторија и беше технички обновено и надополнето
▸ 3 виртуелни изложби на Драгана Пендовска, Ива Станковска и Горан Ристовски
▸ 3 разговори со уметниците
▸ тимот на виртуелното студио се зајакна и ја продлабочи соработката -- 3Д дизајнер: Борко Хаџиевски, куратор: Илија Прокопиев, програмер: Милан Насевиќ и координатор: Марија Христова

VR Studio 2021 г. беше кофинансирано од Министерството за култура на С. Македонија и е овозможено преку активностите во серијата средби PrivatePrint Meets, финансирана преку Prince Claus Network Partnership Programme.

СИТЕ ИЗЛОЖБИ ТУКА:
https://privateprint.mk/mk/vr_studios

Драгана Пендовска, *Stepping into the cornfield*
29.06.2021
Ива Станковска, *Incorporeal*
06.10.2021
Горан Ристовски, *Traces*
08.11.2021

## IV. **Блог**

PP Talks:
Кристина Божурска, јуни 2021
Драгана Пендовска, 22.07.2021
Ива Станковска, 06.10.2021
Горан Ристовски, 08.11.2021

Есеи:
„Ориентации: насоки за квир феноменологија“ од Сара Ахмед
Превод: Ива Димовска
Прв дел: 30.12.2021

## V. Учества на настани/саеми

ФИЈУК Македонија онлајн - онлајн презентација на PrivatePrint, 03.09.2021
Athens Art Book Fair - the local edition - промовирани публикациите на PrivatePrint, 11-12.09.2021
Hamburg Portfolio Review 2021 - Илија Прокопиев зема учество како рецензент, 25.09.2021
15 Horror Stories by Women Workers - промотивен настан и разговор со авторката Кристина Божурска, Текстилијада 5, Штип, 08.10.2021
Caffeine hours - art book fair at Indigo festival, Ljubljana, 14-15.10.2021

## VI. Комуникација со нашата заедница и кампањи

Активност и заедница на нашите најактивни социјални мрежи:
93 објави на Facebook \ 77 објави на Instagram
Вкупно следачи на крајот на 2021: 2042 на Facebook \ 1094 на Instagram
Вкупно нови заследувања во 2021: 95 на Facebook \ 279 на Instagram

Кампањи на PrivatePrint Studio: SUPPORT - копче на сајтот со информации за донирање и спон-зорство; објави на социјалните медиуми; FOUNDPAPERWORKS - обнова на нашата едиција со најдени дела од/на хартија којашто ја почнавме на нашиот Facebook, овој пат ја водиме како Instagram кампања којашто вклучува луѓе од нашата заедница што сакаат да споделат нивни битни дела од/на хартија и да ја претстават нивната приказна; CURRENT MOOD - непосредна комуникација на тимот на PrivatePrint со нашата заедница, вклучува моментални импресии од состојби и места каде што се наоѓаме.
PrivatePrint Studio на своите социјални профили поддржува битни актуелни општествени случувања и движења како на пример: #несисама - кампања против групата Јавна соба; #skopjepride, #pridemonth.

## VII. Избор од објави во медиуми

17.2.2021 | Радио Слободна Европа - Шекеров во „Folded“ со пеливани кои наликуваат на антички скулптури
ЛИНК> https://www.slobodnaevropa.mk/a/31107667.html?fbclid=IwAR3WPtuq9-XYMOLxGzkV4JbLfcQhltSTf_qKGn-mEUDCH3SedzJDUBnq6fuE

21.09.2021 | POPUP.MK Notes from Surfacing: At an Angle of 45° – изложба на Ивана Мирчевска во PrivatePrint
ЛИНК> https://popup.mk/notes-from-surfacing-at-an-angle-of-45-izlozhba-na-ivana-mirchevska-vo-privateprint/?fbclid=IwAR0F_e_-X3Xc-o2HgG7QndZPD3fdFrkWjuOFj9aBNlM14rsq_2kL0qD72pk

24.11.2021 | OKNO.MK Промоција на книга и изложба на Ѓорѓи Десподов во Студио Приватен принт
ЛИНК> https://okno.mk/node/91546

24.12.2021 | POPUP.MK Клелија Живковиќ со промоција на книга и изложба во Студио Приватен принт
ЛИНК> https://popup.mk/kleli%D1%98a-zhivkovi%D1%9C-so-promoczi%D1%98a-na-kniga-i-izlozhba-vo-studio-privaten-print/

## VII. Заклучок

PrivatePrint Studio во 2021 година ја реализираше првата година од својот прв поголем грант, програмата поддржана од Prince Claus Fund for Culture and Development. Ја имавме можноста да ја развиеме програмата за посета на уметнички студија, којашто ја имаме во план уште од почетоците на студиото. PrivatePrint Meets ни овозможи да се сретнеме со млади уметници, куратори и културни работници, да ја запознаеме одблизу нивната практика, нивните размислувања и идеи за уметноста, како и да започнеме соработки во активностите поддржани преку истиот грант, но и во други наши програми.

Работата на истражувачки проекти во форма на книги, за првпат директно одговори на една од главните цели на студиото, а тоа е поддршка и развој на уметничката книга како медиум за израз. Развојот на новата едиција Future Perspectives, го сметаме за многу важно, бидејќи дополнително се поврзува со нашите цели за истражувања во современата уметност и граѓанското учество, со тоа што уметниците им даваме можност да ја преиспитаат и покажат својата позиција на уметници или културни работници во општествениот контекст.

Продолжувањето на програмата VR Studio и надградување на виртуелниот простор на студиото, ни овозможи подлабоко да ги истражиме дигиталните медиуми во однос на современата уметност и интердисциплинарната практика.

Во 2021 година имавме зголемен број настани во студиото и се вративме на нашата практика на учества на саеми и слични настани, прекината со пандемијата. Ова ни овозможи да ја промислиме и редефинираме нашата понатамошна практика.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2021 ГОДИНА

Главните активности на студиото во 2021 година беа поддржани од Prince Claus Fund for Culture and Development и од Министерството за култура на РСМ.

Приходи 2021

| | | |
|---|---|---|
| Дел од вишок приходи за пренос од претходна година | - | 16.571,00 |
| Грант Network Partnership PrivatePrint | - | 952.475,00 |
| Грант VR Studio | - | 250.000,00 |
| **ВКУПНО:** | **-** | **1.219.046,00** |

Расходи 2021

| | | |
|---|---|---|
| **Network Partnership PrivatePrint** | | **894.039,00** |
| - Хонорари | - | 537.156,00 |
| - Даноци | - | 24.236,00 |
| - Материјални трошоци | - | 31.047,00 |
| - Продукциски трошоци | - | 273.033,00 |
| - Средства и опрема | - | 25.407,00 |
| - Банкарски провизии | - | 3.160,00 |
| **VR Studio** | | **251.797,00** |
| - Хонорари и даноци | - | 250.000,00 |
| - Банкарски провизии | - | 1.797,00 |
| **Други расходи** | | |
| - Банкарски провизии | - | 2.210,00 |
| **Пренесени за следната година** | | **71.000,00** |
| - За грант Network Partnership PrivatePrint | - | 58.436,00 |
| - Дел од вишок приходи за пренос во следна год. | - | 12.564,00 |